Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-12-2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 6304 | 1 | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ВОНРЕДЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

## ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:

Вонредниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 4 и член 28 став 1, 2 и 3, **а во врска со член 64 став 2, член 141 и член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14),** е спроведен врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во Битола, **Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола** на ден 15.12.2014 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:

**Вонреден програмски надзор е спроведен на следниве околности: кои програмски сервиси ги реемитува операторот, дали реемитува програмски сервиси за кои немаат потврда издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дали реемитува програмски сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско емитување, како и дали доколку реемитува програмски сервиси што се титлуваат на јазик различен од оригиналниот на тие сервиси има титлови на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните на Република Македонија.**

## КОНСТАТАЦИИ:

При извршениот вонреден програмски надзор врз операторот **Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола** на ден 15.12.2014 година, констатирано е дека овој оператор на подрачјето на Битола, во рамките на аналогниот пакет реемитува вкупно 53 програмски сервиси од кои 4 програмски сервиси не се опфатени со потврдите за регистрација на пакет програмски сервиси бр.1 од

26.08.2013, бр.2 од 26.08.2013, бр.3 од 10.10.2013, бр.4 од 23.01.2014, бр.5 од 24.02.2014, бр.6 од 25.02.2014, бр.7 од 04.03.2014, бр.8 од 04.03.2014, бр.9 од 31.03.2014, бр.10 од 11.04.2014, бр.11 од 21.05.2014, бр.12 од 30.05.2014, бр.13 од 23.07.2014, бр.14 од 11.09.2014 и бр.15 од 22.09.2014 година, издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Канал 5 плус, Наша ТВ, Алфа ТВ и Channel One Russia.

## ОПИС НА ПРЕКРШУВАЊЕТО:

Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа **Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола**, на ден 15.12.2014 година во 12:30 часот, за своите претплатници, во рамките на аналогниот пакет, ги реемитуваше следниве телевизиски програмски сервиси за кои не е издадена потврда за нивно реемитување од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги: Канал 5 плус, Наша ТВ, Алфа ТВ и Channel One Russia, со што постапи спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14).

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ:

1. На **Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола**, согласно член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), да му се издаде решение со кое ќе се наложи веднаш да го исклучи реемитувањето на следниове програмски сервиси во рамките на аналогниот пакет: Канал 5 плус, Наша ТВ, Алфа ТВ и Channel One Russia.

2. По издавањето на решение со кое ќе се наложи исклучување на програмските сервиси да се направи контролен надзор врз работата на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа **Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола**, со цел да се утврди дали истиот постапил по таквото решение упатено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во спротивно Агенцијата да поведе прекршочна постапка против овој оператор.

Контролниот надзор да се изврши по доставена повратница од Македонска пошта дека решението е уредно примено од страна на операторот **Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола.**

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

**Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права**